**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-459/4**

**Скопје, 14.07.2006 година**

## ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ - ПРИЛЕП

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - средства од Буџетот на РМ - сметка од редовно работење, за 2005 година, кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема вршено ревизија ниту има издадено извештај за финансиските извештаи на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - средства од буџетот на РМ - сметка од редовно работење, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Живко Сиљаноски, вршител на должност директор, од 07.04.2003 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 29.05.2006 до 26.06.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Танка Блажевска, Помошник на главниот државен ревизор;
   - Бошкоска Јадранка, Самостоен ревизор;
   - Елена Грнарова, Ревизор;
   - Марина Величковска, Ревизор за легислатива.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
    - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизија на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го констатира следното:

10.1. **Системски и организациони слабости**

10.1.1. За вршител на должноста директор во ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи - Прилеп со Решение на министерот за труд и социјална политика од 04.04.2003 година е именуван Живко Сиљаноски, кој сеуште ја врши оваа должност и покрај тоа што како вршител на должност директор може да остане најмногу една година. Бидејќи не е распишан јавен конкурс за именување на директор согласно Законот, од 07.04.2004 година во оваа установа одлуките ги носи орган кој не е избран согласно Законот.

10.1.2. Платата на вработените во Центарот кои имаат статус на државни службеници е утврдена и се исплаќа согласно Одлуката на Управниот одбор за времена распределба на плата од 2002 година. До денот на ревизија сеуште се применува Одлуката од 2002 година, иако со Законот за државни службеници и Законот за јавни установите од мај 2005 годна, за лицата вработени во установите на кои им се доверени јавни овластувања се применуваат одредбите од Законот за државни службеници, Законот за извршување на Буџетот на РМ и Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2005 година. Не спроведувањето на одредбите од наведените закони има за ефект исплата на плати на вработените во Центарот во помал износ од оној кој би се утврдил со неговата примена.

10.1.3. Во рамките на Центарот функционира Дневен центар за деца со посебни потреби, формиран како проект по иницијатива на УНИЦЕФ во 2002 година, а подоцна превземен од Министерството за труд и социјална политика. Натамошното финансирање на овој центар по завршувањето на проектот е во надлежност на Центарот за социјални работи - Прилет.

Во Дневниот центар континуирано од 2002 година се ангажирани шест лица по договор на дело, кои не се систематизирани со актот за систематизација, а извршуваат редовни работни обврски во Дневниот центар, што е спротивно на одредбите од Законот за извршување на буџетот, Законот за работни односи, Законите за даноци и придонеси од плата и има за последица незаконски потрошени државни средства.

10.1.4. Со Законот за јавните установи е предвидено да се формира орган за надзор кој ќе врши внатрешна контрола на работењето на установата, именуван од основачот. Ревизијата констатира дека во Центарот е воспоставена внатрешна контрола на работењето од лица - вработени во Центарот, но истите не се именувани со решение на основачот, односно од министерот за труд и социјална политика. Исто така не постои Договор за финансирање помеѓу Центарот и надлежното министерство, спротивно на Законот за јавни установи. Непостоењето на договор за финансирање, не формиран независен орган за надзор во Центарот и неспроведен надзор од страна на Министерството за труд и социјална политика, го зголемува ризикот од грешки во работењето.

10.1.5. Преку Центарот за социјални работи се исплатуваат социјалните права и надомесоците. За таа цел во Поштенска банка А.Д. е отворена потсметка преку која се префрлаат средства на Македонска пошта за исплата на корисниците. Ревизијата констатира дека во текот на 2005 година на потсметката на Центарот се јавуваат во континуитет салда во висина од 1.100 илјади денари до 2.500 илјади денари. Со договорот помеѓу Министерството за финансии и Поштенска Банка АД не е регулиран начинот на празнење на утврдените салда, ниту министерот за финансии, кој е потписник на сметката, превзел мерки за повлекување на средствата. Ваквото ангажирање на значителни државни средства во Поштенска банка АД, може да има за ефект нерационално користење на буџетски средства за сметка на подобрување на ликвидноста на банката, со оглед на фактот што целата мрежа на социјални установи се финансира на истиот начин.

10.1.6. Во Центарот за социјални работи во Прилеп се регистрирани 10.790 корисници на социјални права, што го рангира Прилеп на четврто место во Република Македонија. Со овие корисници работат 10 социјални работници или секој социјален работник во просек има околу 1.000 корисници со кои работи непосредно, во сите фази на остварувањето на правото. Ревизијата не доби на увид нормативи за бројот на корисници што може еден стручен тим или социјален работник да ги покрие согласно упатствата за работа со одделни корисници на социјална заштита дадени од Заводот за социјални дејности. Нормативите од 1987 година се неприменливи бидејќи голем дел од правата и категориите корисници кои сега се предмет на работа, во тој период не постоеле. Правото на социјална помош е воведено во 1994 година, помош и нега од друго лице во 1998 година, а семејното насилство како категорија е воведено во 2003 година. Непостоењето на критериуми доведува до отстапувања во одредени правила на работењето, посебно во запоставување на контролната улога што ја има Центарот, како обврска кон маргинализираните гупи на граѓани кои бараат решенија за нивните социјални проблеми.

10.1.7. Ревизијата утврди отстапувања во постапките на работење утврдени со Законот за социјална заштита, посебно во остварувањето на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице и постојаната парична помош.

Станува збор за посебна категорија на корисници кои тешко ги задоволуваат основните животни потреби. Остварувањето на правото зависи од наодот, оценката и мислењето на Стручна комисија на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Ревизијата констатира дека Стручната комисија на Фондот, увидот за утврдување на состојбата на корисниците и основаноста на правото за помош го врши неколку месеци по доставеното барање (од 3 -13 месеци) За овој период можни се промени во состојбата на барателот па дури и смртни случаи. Во случај на смрт, Комисијата и покрај тоа што не извршила увид, носи позитивно решение при што помошта се исплаќа ретроактивно на член од семејството. Ова има за последица трошење на државни средства без утврден основ за користење на овој вид на надоместок. Ревизијата исто така утврди дека за оваа категорија на корисници се исплаќа врз основа на решенија донесени пред повеќе години (од 5 – 10 години) без да се обноват решенијата врз основа на непосреден увид за утврдување на можни промени во состојбата и условите кај овие корисници.

10.1.8. Ревизијата утврди недоследности во контролниот механизам при доделувањето на социјалната помош кои се резултат на следните состојби:

- Недоволна електронска поврзаност и некомпатибилен софтвер со другите субјекти од кои се добиваат релевантни податоци како што се: Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Агенцијата за вработување, Државниот инспекторат за труд како орган во состав на Министерството за труд и социјална политика, како и од нивната неажурност во давањето одговор на бараните податоци, кои се основ за одлучување при доделувањето на правото на социјална помош;
- Недоволно стандардизирани критериуми за материјална обезбеденост на барателите на социјални права како на пример: неутврден приход од едно грло крупна и ситна стока како услов за остварување на одредено право;
- Неутврдени трошоци по единица земјоделски и сточарски производ и
- Недоволен возен парк (три возила од кои две се амортизирани) и недоволно финансиски средства за нивно одржување и ставање во функција.

**Препораки и мерки**

1. Министерот за труд и социјална полиика да именува директор на Центарот по пат на јавен конкурс.
2. Министерот за труд и социјална политика и министерот за финансии да ги превземат сите потребни активности и мерки за усогласувањето на платите на вработените во ЈУ МЦСР- Прилеп, согласно одредбите утврдени со Законот за државни службеници.
3. Доколку Дневниот центар остане во рамките на министерството потребно е одговорните лица во Центарот да превземат мерки и активности за дополнување на Правилникот за систематизација на работите и задачите согласно Правилникот за организција и работа на Центарот од 28.10.2004, со кој ќе се дефинира потребниот број на извршители за Дневниот центар.
4. Министерството за труд и социјална политика да именува лица за вршење внатрешна контрола на работењето на ЈУ МЦСР – Прилеп, согласно Законот за јавни установи.

5. Неисплатените средства од правата од социјална и детска заштита кои се кумулираат на потсметките во Поштенска банка А.Д. да се враќаат во Буџетот на РМ.
6. Надлежното министерство да формира стручно тело за изработка на нормативи и стандарди за утврдување на оптималниот број на корисници со кои

може да работи еден социјален работник во сите фази на остварување на правото согласно постапките утврдени со Закон.

7. За поефикасно решавање на барањата за помош и нега од друго лице и постојаната парична помош за одредена категорија корисници, министерот за труд и социјална политика да ја разгледа можноста за формирање на посебна организациона единица во рамките на Центарот за социјални работи, која ќе дава наод оценка и мислење за потребата од овие помошти, како што е регулирано со Законот за социјална заштита.
8. Од страна на надлежното министерство да се превземат активности за надминување на состојбите кои го намалуваат контролниот механизам во утврдувањето на социјалните права.

## 10.2. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

10.2.1. Ревизијата констатира дека ЈУ МЦСР - Прилеп не ги применува одредбите од Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници што влијае на реалното и објективно искажување на состојбите во финансискиот извештај Биланс на состојба. Утврдени се следните недоследности:

- Дневниот центар кој функционира во рамките на ЈУ МЦСР - Прилеп располага со средствата добиени по основ на донација. На овие средства не е утврдена вредноста и истите не се евидентирани во Билансот на состојбата на ден 31.12.2005 година, спротивно на Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
- Не се применети годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисници што има за ефект нереално и необјективно прикажување на вредноста на постојаните средства и државниот јавен капитал.
- Ревизијата констатира дека Комисијата за попис не извршила попис на обврските, не ја утврдила правната основа за нивно постоење и причините за стари и неизмирени обврски према добавувачите. По пат на конфирмирање и извршени усогласувања со добавувачите утврдени се неусогласени состојби кај 50% од евидентираните обврски.
- На ден 31.12.2005 година извршен е попис на благајната на картички за потрошено гориво и утврдена е состојба која не одговара на сметководствената состојба. Кусокот на бонови не е евидентиран во сметководството, ниту раководното лице во субјектот превзело мерки против лицето одговорно за настанатиот кусок.
- Поради неприменување на сметководствените политики за буџетски корисници, за набавените материјални средства не е зголемен државниот јавен капитал во Билансот на состојбата.

**Препораки и мерки:**

1. ЈУ МЦСР - Прилеп водењето на сметководството, составувањето и поднесувањето на финансиските извештаи да го извршува во согласнот со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, прифатената практика и сметководствените стандарди, како и да изврши попис на средствата со кои располага.

## 10.3. Ненаменско и незаконско користење на средствата


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*
*Овластен Државен ревизор*
---------------------------------------

10.3.1. ЈУ МЦСР - Прилеп при реализација на јавните набавки во 2005 година не обезбедила доследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки во следните случаи:

- Планот за јавни набавки не е подготвен на начин предвиден со Законот за јавни набавки;
- Членовите на Комисијата за јавни набавки, спротивно на членот 21 од Законот за јавни набавки, по отварањето на понудите не поднесуват изјава во писмена форма за постоењето или непостоењето на случаите конфликт на интереси, а која е составен дел на документацијата за соодветната јавна набавка.
- При избор на најповолна понуда не се применува Методологијата за изразување на критериумите во бодови.

Ваквото работење создава можност за фаворизирање на одредени добавувачи и не овозможува конкурентност при изборот.

**Препораки и мерки**

1. Членовите на Комисијата за јавни набавки, доследно да ги применуваат одредбите од Законот за јавни набавки, за отстранување на наведените пропусти во работењето. со што ќе обезбедат транспарентност и јавност во трошењето на државните средства.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.2. Билансот на состојба не ја претставува вистинито и објективно, финансиската состојба на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи во Прилеп - Средства од буџетот на РМ - сметка од редовно работење под 31 декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за ефектите од искажаното во точка 10.2. и 10.3., кај ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи во Прилеп - средства од буџетот на РМ - сметка од редовно работење остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 14.07.2006 година**

**Танка Блажевска**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 13.228 | 10.583 |
| **Вкупно приходи** | **13.228** | **10.583** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 9.384 | 7.651 |
| Резерви и недефинирани расходи | 12 | 0 |
| Стоки и услуги | 2.232 | 2.641 |
| Социјални бенефиции | 1.600 | 291 |
| **Вкупно тековни расходи** | **13.228** | **10.583** |
| **Вкупно расходи** | **13.228** | **10.583** |


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*
*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 16 | 2 |
| Активни временски разграничувања | 724 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **740** | **2** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 219 | 243 |
| **Вкупно постојани средства** | **219** | **243** |
| **Вкупна актива** | **959** | **245** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 248 | 38 |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 26 |
| Финансиски и пресметковни односи | 67 | 67 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 612 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **927** | **131** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 32 | 114 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **32** | **114** |
| **Вкупна пасива** | **959** | **245** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **114** |
| **Зголемување по основ на:** | **33** |
| Набавки | 33 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - |
| **Намалување по основ на:** | **115** |
| Отпис на капитални средства | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - |
| Амортизација | 115 |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **32** |


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*
*Овластен Државен ревизор*

----------------------------------------